БОРКА ДРАГОЈЕВИЌ-ЈОСИФОВСКА
Унив. проф. во пензија
Пиринска 17
Скопје

УДК 930.271

# ЖРТВЕНИК ОД *SCVPI*, ПОСВЕТЕН НА БОЖИЦАТА *BELLONA*

Сѐ што ни е познато за култните манифестации на територијата на ветеранската колонија Скупи во античко време, му го должиме, главно, на епиграфскиот материјал[1], зашто со фигурална и релјефна пластика, освен сепулкралната, речиси, не располагаме[2]. Наједноставно објаснување, кон кое во вакви случаи обично се прибегнува, би било дека спомениците од ваков вид низ векови биле уништувани и дека сѐ уште се уништвуваат, за што токму во Скупи, за жал, има сигурни потврди во поново како и во најново време[3]. Меѓутоа, вистинско и наполно задоволително објаснување

[1] Досега се пронајдени 210 натписи, од кои само 20 се вотивни. Знатен број натписи евидентирал А. Еванс по повод на реамбулацијата на Скопската Област 1884. година, кога открил и повеќе археолошки локалитети (в. Archaelogia XLIX. Antiquarian Researches in Illyricum, 1885, стр. 82 sqq. Од страна на A. Domaszewski тие сите се вклучени во *Suppl.* CIL III. По Еванс за најголем број пронајдени натписи му должиме на Н. Вулиќ (в. Споменик на САН: 47 (1909), 71 (1931), 75 (1933), 77 (1935) и 98 (1941—8). Започнувајќи од 1953. година натписите се објавуваат во разни списаниа (Старинар, Жива антика, Зборник на Археолошкиот музеј, Годишен зборник на Философскиот факултет во Скопје и др. Види и A. et J. Šašel, Situla 5 (1963) и 19 (1978) Скупските натписи, како и 40 натписи од Кумановската Област од страна на потписаната обработени се за VI том на едицијата Inscription de la Mésie Supérieure, што ја издава Центарот за епиграфика и нумизматика на Философскиот факултет на Универзитетот во Белград (во печат).

[2] Освен монументалната статуа на Зевс (Споменик, 75, бр. 214), пронајдена во Горно Нерези, во близина на манастирот св. Пантелејмон, каде веројатно и во античко време имало светилиште, ќе спомнеме само еден мермерен торзо на Артемида (Споменик 71, бр. 544), потоа релјефот со претстава на Liber и Libera од Барово (ibidem. бр. 549) и иконата на „Тракискиот коњаник" од с. Семениште (Споменик 98, бр. 444).

[3] Кај Ј. Хаџи Васиљевиќ, *Скопље и његова околина*, Београд, 1930, стр. 399 sq. има податок дека многу камени споменици биле вградени во мостот на Лепенец. — Во време на една обиколка на локалитетот „Царевец" во селото Бразда, северно од Скопје, во 1975. година, со цел да извршам ревизија на натписот посветен на Јупитер и божествата *Terra*, *Caelum*, *Pontus*, што го објавил А. Керамитчиев во Зборникот на Археолошкиот музеј во Скопје IV—V, 1961—66, стр. 61—63, бев известена дека споменикот бил распарчан намерно, бидејќи човекот, што го пронашол на својот имот, во несреќен случај го загубил животот.

овде претставува фактот на којшто веќе укажал А. Еванс, : дека споменициите кои се одликувале со извесна уметничка вредност за време на турското владеење биле систематски однесувани, па сега се наоѓаат како анонимни експонати во некои од музеите надвор од нашата земја, или се сопственост на непознати лица[4]. Со ова, значи, може да се објасни и несразмерно малиот број вотивни натписи во однос на сепулкралните[5]. Дедикациите со кои располагаме, со мал исклучок, се вклесани на обични жртвеници, како што е случајот со натписот кој го објавуваме во овој прилог. Пред да продолжам, меѓутоа, мислам дека треба накратко да се осврнам на божеството на коешто му е посветен жртвеникот, имено на божицата Белона, која сосем ретко се јавува на натписите во нашата земја, а во Скупи за прв пат[6].

Благодарение на податоците содржани во римската и во грчката литература од римскиот период, како и во натписите, можела донекаде да се создаде претстава за комплексната природа на ова хтонско божество, еднакво сурово како и Марс, за чија жена, сестра, придружничка, па дури и мајка, понекогаш таа се сметала[7], и да се проследи развојниот пат, изгледа, од првобитно сабинско божество *Nerio*, преку италската *Bellona*, која рано била идентификувана со грчката божица *Enyo*, сè до нејзиното мешање со прастарото анадолско божество од Комана во Кападокија — *Mâ*, веројатно сродно со *Anaitis*, како и со фригијската *Kibela*, со која често била изедначувана[8].

---

[4] *Op. cit.* стр. 126: „I was informed that some had been lately thus transported to Salonica from Zlokućani. Others have in the same way been removed by the Turkish authorities from Bardovce. Monuments with sculpture are more especially sought for by the Turkish authorities as they are thought to have a monetary value. No pains are taken in such cases to preserve a record of the locality where the monuments were found".

[5] Види горе заб. 1.

[6] За *Bellona* види: Procksh, Roschers Mythologisches Lexicon I 1884, 774. Aust, RE III, 1897, col. 254—257. Th LL II, 1906, col. 1820 — 1821. — *Bellona* од *bellum*, првобитно *Duellona* од *duellum* (Varr. *De ling. lat.* V, 73 —и VII, 49). На една шоља, изгледа од Етрурија, со релјефно претставената грчка Божица *Enyo* со змии во косата, имаме постара форма на името — *Belola* (CIL I, 44). Божицата, инаку, била претставувана вооружена, со копје, камшик, факел, а понекогаш и со сопа.

[7] Освен кај прозните писатели (на пр. Плиниј, Ливиј, Страбон, Плутарх, Амијан Маркелин и др.), од кои особено значајни податоци ни пружаат црковните оци Минукиј Феликс, Тертулијан, Лактантије и Августин, за Белона зборуваат речиси сите поети од Августовото, како и некои од подоцнешно време на пр. Хиртиј, Лукан, Силиј Италик Јувенал, Статиј итн.). Како Марс и таа се вбројува меѓу „Црните божества", и таа е *dea inferorum* (cf. М. Д. Петрушевски, Божанства и демони црне боје код старих народа, 1940, стр. 21 и 23).

[8] За, наводно, сабинскиот збор *Nerio* како синоним за *virtus* в. A. Gell. XIII, 22, а за Комана *Hirtius*, *Bel. Alex.* 66:" *Comana vetustissimum et sanctissimum in Cappadocia Bellonae templum.....*" Покрај цитираната литература в. исто така и Daremberg - Saglio, *Dictionnaire des antiquités grecques et romaines.* I, стр. 685 sq., како и A. Hartmann, RE XIV, 1928, s.v. Mâ. Во поново време заслужува внимание студијата од Duncan Fishwick „*Hastiferi*" во JRS LVII, 1976, стр. 142 sq.

Култот на сабинската божица, се чини, рано доспеал во Рим, кадешто таа била почитувана под името *Bellona*. Во почетокот на III век пред н. ера нејзе ѝ бил соѕидан храм, чие подигање се доведува во врска со семејството *Claudii*, по потекло сабинско[9]. Храмот, кој се наоѓал на крајот од Марсовото Поле, служел и за одржување на сенатски седници и за примање на странски делегации во извесните случаи[10]. Што се однесува до култот на спомнатата малоазијска божица, со која Римјаните се запознале за време на војната против понтскиот крал Митридат и ја нарекле *Mâ-Bellona*, тој кон крајот на републиката, благодарение на Сула, бил воведен во Рим кадешто на божицата ѝ бил изграден одделен храм во кој се наоѓала и нејзината култна слика[11]. Храмот бил опслужуван од свештеници наречени *Bellonarii* или *Fanatici de aede Bellonae pulvinensis* кои ја прославувале Божицата со оргијастички обреди посурови од оние на Кибела, кои завршувале со прорекувања. Во подоцнешно време Белона била идентифицирана и со *Virtus*[12]. Под името Белона едно божество на војната било почитувано и кај Келтите[13].

Жртвеникот бил пронајден во селото Бардовци, северозападно од Скопје, на локалитетот „Зад воденицата" каде што сега се наоѓа лозје на семејството Блажевски, а порано тука биле и нивните ниви. На едната од нив. непосредно пред Втората световна војна случајно го откопал, орајќи, Димитрија Блажевски и, за среќа, веднаш го пренесол во дворот на својата куќа, каде сè уште се наоѓа. Споменикот е малку откршен во долниот дел, инаку, може слободно да се рече дека е доста добро сочуван. Материјалот од кој е изделкан е сивкав порозен варовик. Димензиите му се следните: 136 x 52 x 28 cm. По облик се убројува во наједноставен вид вотивни жртвеници, без база, капител и профилација. Натписно поле, високо 81 а широко 27 cm, малку е вдлабочено. Во неговиот горен дел е натписот кој гласи:

---

[9] Aust (op. cit. col 257) го доведува во сомнение учеството на постарите *Claudii* во изградбата на храмот. Врз основа на еден податок кај Плиниј (n. h. XXXV 12) се претполага дека веќе во почетокот на V век имало едно светилиште на ова божество.

[10] Пред храмот се издигала тн. *columna bellica*, фиктивен граничен камен, од каде *fetiales* фрлале копје во знак на објавување војна (в. Liv. XXVIII, 9, XXXI 24).

[11] Според Плутарх божицата на Сула му се појавила на сон, охрабрувајќи го пред неговиот поход против Рим (*Sulla*, 9).

[12] Lact., *Inst.* I, 21, 16. Види во врска со тоа и Aust (op. cit. col. 257) и D. Fishwick (op. cit. стр. 145).

[13] Cf. Amm. Marc. 27, 4, 4: „Scordisci .... saevi quondam et truces ... hostiis captivorum Bellonae litantes et Marti". Р. Марић помислува на тоа дека се работи за она божество што Римјаните во Галија го идентификувале со Марс (*Антички култови у нашој земљи*, 1933, стр. 25). Види така исто и ThLL, 1820, III.

Deae / Bello/nae / C. Iuli/ us Lon/ginus / dec(urio) q(uin) q (uennalis)/ ex visu.

Висината на натписот е 51 cm. Длабоко врезани, правилни букви со мали, претежно водоравни серифи, и со контраст помеѓу дебели и тенки црти кај истата буква / сенчести /, високи се во 1. ред 5.8 cm. во последните два сса 4,5 cm. а во другите меѓу 5,7 и 5,5 cm. Буквата G во 6. ред има долниот крај лачно свртен кон внатрешната страна. Во 5. ред е лигатура ON.

Дедикантот на овој споменик, *C. Iulius Longinus*, бил *decurio quinquennalis*, што може да значи дека бил *allectus inter quinquennales,* или таа титула ја имал во еден од верски колегии[14]. Лицето со потполно исти *tria nomina* фигурира и на еден надгробен споменик од селото Мирковци, северно од Скопје, подигнат на еден ветеран од VII, секако Клаудиева, легија[15]. Бидејќи на божицата Белона ѝ се заветувале претежно војници во момент на смртна опасност, не е сосем исклучено дека и овде се работи за еден таков војник, кој, по истекот на воениот срок, се населил во Скупи како ветеран, и дури тогаш, откако Божицата му се појавила на сон, пристапил кон извршување на ветениот завет[16]. Иако идентичноста на имињата не секогаш мора да значи и идентичност на лицата коишто ги носат, дури ниту тогаш кога спомениците се од еден ист локалитет, во овој случај сепак ми се чини, дека со извесна веројатност би можело да се претположи, дека декурионот *C. Iulius Longinus* и истоимениот ветеран претставуваат едно исто лице, дотолку повеќе, што обата споменика можат да се датираат во II век од н. ера[17].

*Примено 12. VI 1980.*

[14] Cf. Seeck, RE I V—2, 1901, col. 2326. J. E. Sandys, Latin epigraphy, str. 229; J. P. Waltzing, Étude historique sur les corporations professionelles chez les Romains, 1895, I, стр. 386 і 43, n. 3. стр. 229.

[15] CIL III, 8197 и Еванс, op. cit. стр. 90 и 122, сл. 61.

[16] Спореди го натписот од Косовска Митровица (Споменик LXXI, бр. 209), подигнат од еден beneficiarius consularis („Iovi . . . . . sacrum ex viso. . .“). Види ја напред и фуснотата 11.

[17] Единствено во прилог на поставената претпоставка, на тоа треба да се укаже, донекаде не оди фактот што во натписот на ветеранот не е соопштено дека тој бил и декурион, доколку тој податок не се наоѓал на откршениот дел од споменикот, а тоа што спомениците не се од исто место, овде е без значење, бидејќи ветеранот можел да биде погребан, како што тоа било вообичаено, на својот полски имот (villa rustica), каде што веројатно и живеел.

## RÉSUMÉ

*Borka Dragojević-Josifovska*; L'INCRIPTION DE *SCVPI* AVEC LA DÉDICACE À LA DÉESSE BELLONA

Le monument qu'on publie ici fut découvert avant la IIe guerre mondiale dans le village de Bardovci, au nord-ouest de Skopje, par le villageois Dimitrija Blaževski, au cours du labourage de son champ. Il s'agit d'un autel en calcaire (136 × 52 × 28 cm), ou, peut-être, d'une base, portant l'inscription qui se lit comme suit: *Deae* / Bello / nae / C. *Iuli/us Lon/ginus* / *dec*(*urio*) *q*(*uin*) *q*(*uennalis*)/ *ex visu*. La dédicace, comme on le voit, a été faite à la déesse Bellona par *C. Iulius Longinus*, qui avait exercé la fonction de *decurio quinquennalis*. Le dédicant de ce monument pourrait être identique avec le vétéran de l'inscription trouvée dans le village de Mirkovci, au nord de Skopje /CIL, III, 8197/, pour laquelle on pourrait supposer qu'elle provient de la même époque / du IIe s. ou de premières décennies du IIIe s. de n. ère.

